# ПОВИК ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЧКО ТЕЛО – СТУДЕНТСКА УНИЈА НА РОМАВЕРЗИТАС

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во рамките на проектот „Ромаверзитас - Со развој и активизам кон еднаква интеграција и можности“ кој што е финансиски поддржан од Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта, **објавува повик за формирање на преставничко тело – Студентска унија на Ромаверзитас.**

## Опис

ЗГ „РОМАВЕРЗИТАС“ од самите почетоци на организацијата, спроведуваше процес за селекција на преставници на студентите. Претходното искуство од спроведувањето на оваа активност на организацијата е позитивно. Врз основа на овие искуства Здружението подржува и потикнува концепт за **формирање на преставнички тело – Студентска унија на Ромаверзитас.**

Преставувањето како концепт е активност на “малкумина избрани претставници” која овозможува да бидете „присутни“ во процесите на креирање на политики на една организација и како чинители овозможува да делувате во најдобар интерес на заедницата која што се претставува. На пример, претставувањето може да значи и дејствување според искажаните желби но може и алтернативно да се однесува на постапување според она што го сметаат самите претставници како најдобар интерес на лицата кои што ги преставуваат.

**Повикот за формирање на претсавнички тело – Студентска унија на Ромаверзитас се однесува за неколку фази :**

## I фаза – номинација на претставници

*Во рамките на оваа фаза потребно е да се номинираат 5 лица (три студенти, едно лице матурант во средно училиште и едно дипломирано лице) кои што ќе бидат претставници во Студентската унија на Ромаверзитас.*

***Услови за номинирање :***

- Да се редовни ученици во последна учебна година, со подржани онлајн потписи за својата номинација **од минимум 5 средношколци матуранти (терк -линк за верификација на потписите)**
- Да се редовни студенти Роми на додипломски студии на државни или приватни универзитети во Република Македонија, со подржани онлајн потписи за својата номинација **од мин 10 студенти (терк -линк за верификација на потписите)**
- Да се дипломирани Роми- алумни на РВ, со подржани онлајн потписи за својата номинација **од минимум 3 дипломирани лица (терк -линк за верификација на потписите)**

**Документи за пријавување**
Заинтересираните лица треба да ги достават следниве документи:

- ЦВ
- Потврда за редовен ученик, доколку се матуранти;
- Скениран индекс на увид за редовен студент, доколку студираат;
- Скенирана диплома за завршено високо образование, за лица со завршено високо образование;
- Терк со потпишани/ верифицирани потписи од сите номинирани лица според горе пропишаните услови

**Начин и рок на пријавување**

Документите за пријавување треба да се достават по електронски пат најдоцна до 7 Мај на е-маил адресата: sirhan.usein@romaversitas.org.mk со назнака **повик за формирање на преставничко тело – Студентска унија на Ромаверзитас.**

**II фаза – Избор на лидер**
*Во рамките на втората фаза ќе се организира онлајн кампања и гласање за избор на студентски лидер* **на преставничкото тело – Студентска унија на Ромаверзитас***, преку мобилната апликација на Ромаверзитас. Право на гласање ќе имаат сите студенти, средношколци и алумни кои што ќе бидат регистрирани во Е Ромаверзитас и кои што ќе ја спуштат мобилната апликација на Ромаверзитас.*

**III фаза – Функционирање на Студентска унија во рамките на Ромаверзитас**
*Во рамките на оваа фаза ќе се договорат работните активности, месечните онлајн средби, кодекс на однесување, привилегии и одговорности.*

**Преставничкото тело – Студентска унија на Ромаверзитас ќе има –**
- ✓ **репрезентативна, советодавна и водечка улога во преставување, застапување и одлучувањето за политиките и интересите на заедницата од средношколци, матуранти и алумни на Ромаверзитас во сите активности на организацијата и во сите водечки активности упатени кон општата јавност и ромската заедница.**
- ✓ **ќе иницира проекти и иницијативи, и ќе формира секции (група на правници, група на економисти, група на политичари, наставници и тнт )**
- ✓ **ќе одлучува за сите процеси во кои што ќе бидат засегнати интересите на заедницата која што ја преставуваат**
- ✓ **ќе го потикнува активизмот во дадениот контект кај сите заинтересирани страни (ќе иницира и соработка и вклучување во активностите на Аваја) заради запазување на пошироките интереси на ромската заедница**
- ✓ **ќе иницира стручни дебати и дискусии**
- ✓ **редовни месечни ( во дадениот контект онлајн) состаноци и консултации со заедницата од средношколци, студенти и алумни**
- ✓ **ќе спроведува анкети , истражувања, мапирања и мобилизација во интерес на заедницата**
- ✓ **ќе соработува активно со проектниот тим на Ромаверзитас за сите прашања во кои што се директно засегнати**